MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-5141/1
04-08-2021
г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 23.07.2021 година донесе

## Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1030/1 од 05.03.2019 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-1030/1 од 05.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-1030/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека во училиштето „------ --------" во с. ---------, општина --------, директорот ------ -------- ја вработил ------ -------- на работно место наставник по матемтика, иако истата имала образование за наставник по биологија.

Со цел утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до Државниот инспекторат за труд со Барање за вршење инспекциски надзор во согласност со нивните законски надлежности при постапката за вработување на лицето ------ -------- во ООУ „------ -------- " од с. ---------, општина -------, за работното место наставник по математика.

Во законски предвидениот рок, Државниот инспекторат за труд, ја извести Државната комисија дека согласно барањето за вршење инспекциски надзор, ДИТ извршил вонреден инспекциски надзор во училиштето, при што во прилог го достави записникот од истиот.

Во записникот е утврдено дека лицето ------ -------- е вработена во горенаведеното училиште по основ објавен оглас на определено време за пополнување на слободни работни места за учебната 2018/2019 година. На огласот се пријавиле 5 извршители, од кои сите со несоодветна стручна спрема за обавување на воспитно образовна дејност во однос на работната позиција- наставник по математика.
Имено, во согласност со таквата ситуација, член 83 став 2 од Законот за основното образование се пропишува дека наставниците можат да засноваат работен однос на определено време до крајот на учебната година, доколку на јавниот оглас не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени со закон.

Исто така, Државната комисија се обрати и до Државниот просветен инспекторат со барање за вршење инспекциски надзор во согласност со нивните законски надлежности при постапката за вработување на лицето ------ -------- во ООУ „------ -------- " од с. --------, општина ----------, за работното место наставник по математика.

Од Државниот просветен инспекторат, добиено е известување дека согласно барањето на Државната комисија извршен е вонреден инспекциски надзор, при што е изготвен записник од истиот и доставен е во прилог.

Во записникот е наведено дека од сите пријавени на огласот, ниту еден не ги исполнува целосно условите кои се барале за работното место, но дека при изборот наставник по математика директорот не го прекршил законот затоа што на огласот немало пријавени кандидати кои ги исполнувале условите за реализација на предметот математика.

Државниот просветен инспекторат, забележува дека во барањето од страна на Државната комисија, не е наведено за која учебна година се однесува огласот, па поради тоа директорот на Државниот просветен инспекторат дал задолжение да се изврши вонреден инспекциски надзор за ангажираните наставници по предметот математика во истото училиште и за учебната 2019/2020 година.

Во дополнителното известување, за извршен вонреден инспекциски надзор за учебната 2019/2020 година, Државниот просветен инспекторат го констатира истиот заклучок дека сите пријавени кандидати на огласот не ги исполнуваат условите за реализација на наставната програма по математика. Со наставникот ------ --------, училиштето има склучено договот за работа за извршување на работни задачи на определено време на работното место наставник по математика 10 часа и наставник по биологија 10 часа, а за истото лицето ------ -------- имала поднесено молба до училиштето.
Меѓутоа, од увидот во педагошката евиденција и документација, наставникот ------ -------- од почетокот на таа учебна година, па се до денот на увидот реализирала настава по математика 20 часа, што е спротивно на склучениот договор за работа – 10 часа наставник по математика и 10 часа наставник по биологија.

За сторените неправилности, Државниот просветен инспекторат има составено записник и спрема училиштето се преземаат соодветни мерки за отстранување на неправилностите, согласно законските надлежности.

При повторно разгледување на предметната документација и утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај констатирани се неправилности во однос на начинот на кој се спроведува склучениот договор за вработување на определено време, а не во начинот на засновање на работниот однос, а истите се утврдени од надлежен орган, односно Државен просветен инспекторат.